МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД
Комитет за следење на ИПАРД Програма 2014-2020

# Записник од деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

*15 декември 2021*

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Арх.Бр. 20-5353/9
03.06.2021

## I. Листа на учесници

**Реџаил Исмаили** – Претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД II

Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД:

1. **Абдилгафар Синани** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Маја Лазареска Јовески** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Марјан Копевски** - Министерство за транспорт и врски;
4. **Елизабета Тодорова**- Министерство за економија;
5. **Назмије Идризи**- Министерство за животна средина и просторно планирање;
6. **Евгенија Серафимовска Кирковски**- СЕП;
7. **Маја Тасева**- Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ;
8. **Сашо Ристески**- Македонска Асоцијација на Преработувачи;
9. **Александра Мартиновска- Стојческа**- Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје;
10. **Робертина Брајаноска**- Македонско Еколошко Друштво;
11. **Петар Ѓеоргиевски** - Мрежа за рурален развој;
12. **Лилјана Јоноски**- Рурална коалиција;
13. **Арбен Халили**- Стопанска комора на северо- западна Македонија
14. **Сашко Арсов**- Агенција за храна и ветерина;
15. **Елгафар Јусуфи** - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
16. **Јани Ќука**- Вина од Македонија;
17. **Агрон Фазлији** – Занаетчиска комора на РСМ;
18. **Васка Мојсовска**- Национална федерација на фармери;
19. **Даниела Димовска** - Земјоделски факултет, УГД-Штип;
20. **Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина, УКИМ-Скопје;
21. **Марина Тошевска**- ЛАГ АГРО ЛИДЕР;
22. **Горан Митев** – Асоцијација на земјоделци;
23. **Сашо Крцоски** - Мрежа на млади фармери;

Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД II:

1. **Боро Каевски** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Бајрам Мамути** – Министерство за локална самоуправа;
3. **Рефет Амети**- Министерство за култура;
4. **Драган Костовски**- Министерство за труд и социјална политика

Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:

1. **Мариус Лаздинис** - Директорат за земјоделство и рурален развој;

Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:

1. **Маргарита Делева** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
2. **Костас Соупилас** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;

Претставници на ИПАРД структура:

Претставници од НАО и НФ:

1. **Владо Караманолевски** - Министерство за финансии;

2. **Зорица Јосифоска**- Министерство за финансии.

<u>Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):</u>

1. **Живко Брајковски** - раководител на Сектор за управување со ИПАРД:
2. **Игор Трошански**- заменик раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
3. **Виктор Младеновски** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. **Јасмина Хаџибулиќ** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. **Гордана Смилеска** - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. **Кирил Ристоски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Златко Колевски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Оливер Стефановски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Сашка Јовановска Вукелиќ** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. **Александар Антески** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. **Душко Јакимовски** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Дренуша Шурлани** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
13. **Саџиде Демир** – одделение за спроведување на агроеколошки мерки и LEADER.

<u>**Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):**</u>

1. **Никица Бачовски** – Директор на АФПЗРР;
2. **Вангел Наневски** - АФПЗРР;
3. **Владимир Христов** - АФПЗРР.
4. **Светлана Ристовска**- АФПЗРР;
5. **Панче Арсов**- АФПЗРР;
6. **Иван Деспотоски**- АФПЗРР.

**Резултати: на деветтиот состанок учествуваа Претседавачот на Комитетот, 24 членови и 4 заменици со право на глас (од вкупно 32 членови со право на глас). Согласно член 8 став (3) од Деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.**

*<u>Листата на присутност на членовите од последните два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 е прикажана во прилог 1 од овој записник.</u>*

*<u>Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.</u>*

## II. Дневен ред за деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | Регистрација | | ТУ Секретаријат | |
| | 09:00 09:30 | Потврда за присуство на членовите/замениците за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | ТУ Секретаријат | |
| | 09:30 09:40 | Отворање на состанокот | Претседавач/ г. Мариус Лаздинис вршител на должност Раководител на ИПАРД одделение, ГД за земјоделство, Европска Комисија | Отворање |
| 1. | 09:40 09:45 | Усвојување на предлог дневниот ред за деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 09:45 10:00 | Усвојување на записникот од претходниот осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 03 јуни 2020 | Претседавач | Финален записник |
| 3. | 10:00 10:15 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 03 јуни 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 4. | 10:15 10:30 | Информација за назначување на нови членови за Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 5 | 10:30 11:00 | Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет | НИПАК | Презентирано на самиот состанок |
| 6. | Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | | |
| 6.1 | 11:00 11:15 | Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020.<br>Информација за финансиското спроведување на ИПАРД и искорисување на каматата од ИПАРД евро сметка. | НАО | Извештај на НАО |
| 6.2 | 11:15 11:30 | Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење | ТУ | Извештај на ТУ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6.3 | 11:30<br>11:45 | Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020 | АФПЗРР | Извештај на АФПЗРР |
| | 11: 45<br>12:00 | Кафе пауза | | |
| **7.** | **Активности за техничка помош** | | | |
| 7.1 | 12:00<br>12:15 | Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2021 | ТУ | Извештај на ТУ |
| 7.2 | 12:15<br>12:30 | Усвојување на АПТА за 2022 година | ТУ | Извештај на ТУ |
| 7.3 | 12:30<br>12:45 | Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Извештај за комуникација и публицитет |
| 7.4 | 12:45<br>13:00 | Усвојување на Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014- 2020 за 2022 година | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **8.** | **Информација/дискусија за резултатите од тековната евалуација на ИПАРД Програмата** | | | |
| 8.1 | 13:00<br>13:30 | Напредок на активности поврзани со евалуација на ИПАРД Програма 2014- 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **9.** | **Подготовка за ИПАРД III Програмата 2021- 2027** | | | |
| 9.1 | 13:30<br>13:40 | Презентација на нацрт ИПАРД Програма 2021-2027 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **10.** | **Разно** | | | |
| 10.1 | 13:45<br>14:00 | Предлог на дневен ред за следниот десетти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | |
| | 14:00 | Затворање на состанокот | Претседавач | |

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД II ПРОГРАМАТА

### Отварање на состанокот

Г-дин Мариус Лаздинис, назначен раководител на одделението Е5 при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД АГРИ), ги поздрави членовите на Комитетот за следење на ИПАРД. Тој изрази задоволство од спроведувањето на ИПАРД програмата 2014-2020 и избегнувањето на губење на средствата од 2018 година. Иако се потрошени нешто повеќе од 20 милиони €, сепак до крајот на 2023 година остануваат за исплата уште 40 милиони €. Тој уште еднаш ја потенцираше потребата од зајакнување на човечките капацитети во АФПЗРР како и обезбедување на нов објект за самата агенција. Изрази задоволство во однос на изготвената нацрт ИПАРД III Програма и додаде дека консултациите со ЕК во однос на истата се сè уште во тек.

**Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Усвојување на предлог дневен ред за деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Претседавачот на Комитетот, Реџаил Исмаили го отвори деветтиот состанок на Комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот. Тој ги информираше членовите за предлог дневниот ред за деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Членовите на Комитетот немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр.1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои дневниот ред за деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 2 од дневниот ред: "Усвојување на записникот од претходниот осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 03$^{ти}$ јуни 2021".**

Претседавачот на Комитетот информираше дека записникот од претходниот состанок на Комитетот одржан на 03$^{ти}$ јуни 2021 година, е испратен до членовите на Комитетот на 04$^{ти}$ август 2021 година и дека до 18$^{ти}$ август 2021 година до Секретаријатот нема доставено коментари од членовите.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

**Одлука бр.2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои записникот од осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 03$^{ти}$ јуни 2021, како конечен.**

**Во врска со точка 3 од дневниот ред: "Информација за имплементацијата на одлуките/заклучоците од претходниот осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Живко Брајковски, информираше за напредокот направен во спроведувањето на одлуките/заклучоците донесени на претходниот состанок на Комитетот, како и за одлуката усвојување на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014- 2020 за 2020 година донесена по пишана постапка.

Во врска со оваа точка, членовите на Комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок Бр.1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (осми) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 4 од дневниот ред: "Информација за назначување на нови членови за Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Во врска со точка 4, Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Живко Брајковски, информираше во однос на новите членови на Комитетот. Со новата Одлука за формирање на Комитетот донесена на 18 ноември 2021 година, две институции кои беа во составот на комитетот се отстранети:

- Сојуз на стопански комори и
- Сојуз на земјоделци.

**Како нова институција која влезе во составот на МК е Националната федерација на фармери.**

Во врска со оваа точка, членовите на Комитетот го усвоија следниот заклучок

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 5 од дневниот ред: "Информација за Комитетот за следење на ИПА".**

Претставникот на Националниот ИПА координатор, Евгенија Серафимовска Кирковски информираше за состанокот на Комитетот за следење на ИПА, кој што се одржа на 22.10.2021 година. Таа истакна дека заклучно со септември 2021 година, ИПА 2 бележи 60% искористеност и истата ќе се спроведува до 2025 година. Таа информираше за дискусијата во врска со АФПЗРР, односно потребата за обезбедување на нови простории кои ќе овозможат ефикасно исполнување на обврските на своите вработени. Таа додаде дека во рамките на ИПА 2 се соочуваат со големи проблеми во секторите транспорт и животна средина, односно од квалитетот на тендерската документација. Таа исто така информираше за т.н рамка за следење на успешноста на државата во нејзината агенда или PAF (Performance Assessment Framework). Во неа се внесени сите индикатори кои што ќе го следат функционирањето на владата и резултатот од реформските зафати на истата. За тоа постои и web платформа која што согласно

архитектурата на ИПА 2 се воведени сите сектори кои што ќе се следат, меѓу останатите и секторот за земјоделство и рурален развој. Беше одржан и состанок со претставници на DG NEAR за новата рамковна спогодба за ИПА 3 сега наречена Financial Framework Partnership Agreement.

Во врска со оваа точка, членовите на Комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.**

**Во врска со точка 6 од дневниот ред: "Состојба на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

**Во врска со подточка 6.1 од дневниот ред: " Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на НАО, г -дин Владо Караманолевски, го информираше Комитетот за функционирањето на системот за управување и контрола на ИПАРД. Спроведени се две измени во системот: измени на внатрешните постапки за работа на ИПАРД Агенцијата и мали измени на Внатрешните прирачници за работа на Управувачката структура.

Комитетот за следење беше информиран во врска со посетите за верификација од страна на НАО, внатрешните ревизии извршени во текот на 2021 година од страна на Одделот за внатрешна ревизија во рамките на секоја институција.

Тој, исто така, посочи дека по предлог на НАО, Владата на РСМ на 26 октомври 2021 усвои информација со заклучоци каде се предложени јасни активности кои треба да бидат превземени од страна на секоја институција која имплементира ИПА средства во насока на надминување на наодите издадени од страна на Ревизорско тело.

Националната управувачка и оперативна структура во координација со министерот за МЗШВ се согласија дека заради ограничениот број на човечки ресурси, фокусот на моменталните вработени да биде во спроведувањето на веќе акредитираните мерки, додека да се обезбеди оптимален број на вработени за имплементирање на новата мерка.

Во врска со ризикот од губење средства во 2021 година, тој информираше дека до крајот на 2021 година не постои потенцијален ризик за губење на средствата.

Во врска со оваа подточка беше усвоен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на фунционирањето на системот за управување и контрола.**

**Во врска со подточка 6.2 од дневниот ред: "Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење".**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Виктор Младеновски го презентираше Годишниот извештај за следење на имплементација на ИПАРД Програмата 2014-

2020. Присутните на состанокот беа информирани за спроведувањето на трите мерки од ИПАРД програмата 2014-2020, јавните повици и др.

Претставничката на Федерацијата на фармери, Васка Мојсоска како најголем проблем на земјоделците го наведе недостатокот на урбанистички планови во руралните средини. Претставникот на Министерство за транспорт и врски, г-дин Марјан Копевски одговори дека тоа министерство ги одобрува деталните планови истакнувајќи дека и самите општини треба да стават поголем акцент на изготвување на тие проекти за да може понатаму да се аплицира. Тој додаде дека треба да има поголема информираност на градоначалниците во насока на добивање на потребните средства.

Претставникот на ТУ, г-дин Виктор Младеновски информираше дека постои опција за изградба на објекти земјоделска намена на земјоделско земјиште. Постапката е објавена на web страната на ИПАРД.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.**

**Во врска со подточка 6.3 од дневниот ред:" Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Од аспект на одобрување и плаќање на барањата, претставници на ИПАРД Агенцијата, Наневски и Христов ги презентираа резултатите од спроведувањето на Програмата по јавни повици (Анекс 3 од записникот). Главна причина за одбивање на барањата од сите 3 мерки е некомплетност на барањата. Големо каснење во текот на обработката на предметите причинува бавниот одговор од страна на Бирото за судски вештачења во процесот на одредување на оправданост на трошоците. Исто така, заради пандемијата од вирусот Covid-19, одзивот на компаниите кои беа контактирани во постапката на истражување на пазарните цени беше многу слаб. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува проблем во процесот на обработка на апликациите.

За ИПАРД 2014- 2020, повеќе нема расположливи средства за објавување на нови јавни повици но, можно е кон крајот на 2022 година да биде објавен Јавен повик од ИПАРД III Програмата кој што ќе се однесува на сите 3 мерки.

Земајќи ги во предвид финансиските алокации како и предфинансирањето побарано од страна на НАО и одобрено од ЕК, не постои ризик за губење на правото за користење на средства од финансиски години 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018.

Во однос на човечките капацитети, претставникот на АФПЗРР, г-дин Иван Деспотоски информираше дека од планирани нови 27 нови административни државни службеници, вработени се 21. Останатите 6 позиции останаа непополнети поради недостиг на квалификуван кадар.

Претставничката на Министерство за економија, Елизабета Тодорова имаше забелешка во врска со барањето на податоци кое редовно се доставува до нив со цел избегнување на можно двојно финансирање за барањата кои што пристигнуваат во ИПАРД Агенцијата. Беше покрената иницијатива за да се изнајде некое друго решение како истото да се проверува земајќи во предвид дека и за нив како институција која доделува субвенции претставува голем товар.

Претставникот на АФПЗРР, г-дин Вангел Наневски предложи да одржат состанок каде што би се дискутирало на оваа тема.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите на ИПАРД Агенцијата.**

**Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Активности за техничка помош".**

**Во врска со подточка 7.1 од дневниот ред: "Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2021"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Кирил Ристоски информираше за реализираните активности од АПТА за 2021 година. Одделението за спроведување на мерката техничка помош ги спроведе следниве активности:

- Набавка за организација на 4 состаноци на Комитетот за следење;
- Набавка за обука за подготовка на потенцијалните лагови за имплементација;
- Состаноци со подсекторски групи – состаноци со сите подсекторски групи засегнати од спроведувањето на ИПАРД Програмата
- Обука за подобрување и надградба на ИПАРД системот за следење на резултатите.

Активности во фаза на реализација преку мерката техничка помош:

- Обука за членовите на МК;
- Дизајнирање и одржување на интернет страна на ИПАРД Агенцијата;
- Кампања за публицитет на ИПАРД Програмата.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот во спроведување на АПТА за 2021 година.**

**Во врска со подточка 7.2 од дневниот ред: "Усвојување на АПТА за 2022 година"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, г- дин Кирил Ристоски ги презентираше активностите предвидени во АПТА за 2022 година. Во врска со обуката за подготовка на потенцијалните ЛАГ-ови, претставничката на ЛАГ Агро Лидер, Марина Тошеска предложи на обуките да има претставници на единиците на локални самоуправи кои што се дел од локалните акциони групи. Г-дин Кирил Ристоски одговори дека учесниците заеднички ќе се утврдуваат. Претставникот на Мрежа за рурален развој, г-дин Петар Ѓоршиевски истакна дека постојат територии кои

воопшто немаат никаква информација односно не се запознаени со можностите за формирање на ЛАГ-ови, особено во југозападниот дел на државата. За таа цел, тој предложи да се реализираат средби од поширок карактер односно вклучување на општините со новите градоначалници за да се објаснат можностите. Во однос на постоечките ЛАГ-ови, дел од стратегиите се во одмината фаза, некои треба да се реадаптираат, на некои им требаат нови стратегии. Во однос на предвидените посети и семинари со новата АПТА, тој предложи да се направи студиско патување во земјите кои се членки на ЕУ, односно Хрватска, истакнувајќи дека таква посета би била особено важна за териториите кои не се покриени со локални акциски групи но исто така и за постоечките лагови.

Во однос на оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 ја разгледа и усвои АПТА-та за 2022 година.**

**Во врска со подточка 7.3 од дневниот ред: "Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-ѓа Сашка Јовановска Вукелиќ, информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020 година, предвидена во Годишниот акционен план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 година за 2021 година. Таа ги презентираше реализираните активности, како и идните планирани активности во врска со комуникацијата и публицитет за 2022 година.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Потточка 7.4 од дневниот ред: „Донесување Акционен план за комуникација и јавност на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2022 година"**

Претставникот на ТУ, г-ѓа Сашка Јовановска – Вукелиќ ги презентираше активностите предвидени во Акцискиот план за комуникација и јавност на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2022 година.

По оваа потточка е донесена следнава одлука:

**Одлука бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД II го разгледа и усвои Акциониот план за комуникација и јавност на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2022 година.**

**Во врска со точка 8 од дневниот ред: "Информација/дискусија за резултатите од тековната евалуацијата на ИПАРД Програмата".**

**Во врска со подточка 8.1 од дневниот ред: "Напредок на активностите поврзани со евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Александар Антески ги презентираше деталите во врска со евалуацијата на ИПАРД програмата 2014-2020, односно планираните активности. Следниве пречки беа идентификувани за спроведување на активностите за евалуација

- Недостаток на човечки капацитет поврзан со активностите за евалуација;
- Одложување на преносот на информации и податоци од Агенцијата;
- Неконзистентни податоци во врска со спроведувањето на ИПАРД II Програмата.

Во врска со оваа подточка, членовите на МК го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на тековната евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Подготовка на ИПАРД Програма 2021- 2027 (ИПАРД III)"**

**Во врска со подточка 9.1 од дневниот ред: "Презентација на нацрт ИПАРД Програма 2021-2027"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, г-дин Александар Антески ја презентираше стратегијата и целите на ИПАРД Програмата 2021- 2027. Како главните стратешки цели кои што ги опфаќа, самата програма беа наведени:

- Подобрување на одржливоста и конкурентноста на земјоделските стопанства и конкурентноста на земјоделството во целост и преработката на храна;
- Реставрација, зачувавање и подобрување на еко системите зависни од земјоделството, рибарството и шумарството.
- Промовирање на рамноверен развој на руралните средини;
- Трансфер на знаење, иновации во земјоделството, шумарството и руралните средини.

Мерките кои што беа вклучени во ИПАРД II Програмата исто така ќе бидат вклучени и во ИПАРД III. Новата ИПАРД III ќе опфати и 4 нови мерки односно:

- Агроекологија, клима и органско производство;
- Спроведување на стратегии за локален економски развој;
- Инвестиции во рурална и јавна инфраструктура;
- Советодавни услуги.

Овие мерки сè уште не се акредитирани.

Претставничката на МЕД, Робертина Брајаноска имаше забелешка во однос на мерката реставрација, зачувавање и подубрување на еко системите зависни од земјоделството,

риарството и шумарството, односно дека можеби се работи за несоодветна формулација. Таа истакна дека можат да се реставрираат еко системи на кои што влијае земјоделството, рибарството или шумарството. Г-нот Александар Антески одговори дека доколку имаат предлог или дообјаснување, истото да го достават.

Претставничката на МЗШВ, Маја Лазареска најави дека е во план нов проект за подршка на шумарството, односно планирано е да се изработат мерки за шумарство кои би биле подржани од ИПАРД програмата. Во врска со советодавните услуги таа информираше дека во фаза на евалуација е проект за советодавни услуги, советодавни служби, финансирани од ИПА 2019, кој ќе започне во многу брз период.

Раководителот на ТУ со ИПАРД, г-дин Живко Брајковски, додаде дека Телото со управување со ИПАРД смета на овој проект во шумарството и веќе е договорено комплетно мерката шумарство. Сите постапки и процедури за спроведување на таа мерка ќе бидат изработени со помош на овој проект и во соработка со ТУ. Најавено е и до Европска Комисија дека во некоја наредна измена на ИПАРД 3 програмата ќе биде вклучена и мерката шумарство.

Во врска со оваа точка, беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на подготвителните активности за ИПАРД III.**

**Во врска со точка 10 од дневниот ред: "Разно".**

За оваа точка немаше дискусија.

**Во врска со точка 10.1 од дневниот ред: "Предлог на дневен ред за следниот, десетти состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум".**

Во врска со точката 10.1 од дневниот ред, претседавачот информираше за нацрт агендата за 10от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II. Тој предложи датумот за следниот состанок да се договори во согласност со достапноста на претставниците на Европската комисија.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
| --- | --- |
| **Rexhail Ismailli** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 2.06.2022 |

Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реџаил Исмаили | МЗШВ | √ | | | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3 | Гоце Георгиевски | МЗШВ | | | Боро Каевски | 0 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 5 | Дритан Рамадани | МЗШВ | / | / | / | 1 |
| 6 | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | √ | | | 0 |
| 7 | Елизабета Тодорова | Министерство за економија | √ | | | 0 |
| 8 | Митко Јанкулоски | МЛС | | √ | Бајрам Мамути | 0 |
| 9 | Авзи Демири | МК | | √ | Рефет Амети | 0 |
| 10 | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Марјан Копевски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12 | Владо Аврамовски | Министерство за труд и социјална политика | | √ | Драган Костовски | 0 |
| 13 | Сашко Арсов | АХВ | √ | | | |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Елгафар Јусуфи | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15 | Маја Тасева | Агенција за поддршка на претприемништвото | √ | | | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Васко Ристовски | Стопанска комора на Македонија | / | / | / | 1 |
| 17 | Васка Мојсовска | Национална федерација на фармери | √ | | | 0 |
| 18 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 19 | Зоран Зимбаков | Заедница на единиците на локалната самоуправа | / | / | / | 1 |
| 20 | Александра Мартиновска-Стојчевска | Факултет за земјоделски науки и храна | √ | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | √ | | | 0 |
| 22 | Даниела Димовска | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | | | 0 |
| 23 | Марина Тошевска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 24 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 25 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 26 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 27 | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | √ | | | 0 |
| 28 | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | √ | | | 0 |
| 29 | Горан Митев | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 30 | Јани Ќука | Вина од МАкедонија | √ | | | 0 |
| 31 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо- западна Македонија | √ | | | 0 |
| 32 | Хазир Положани | Универзитет во Тетово | / | / | / | 2 |
| | ВКУПНО: | | 24 | 4 | | |

Прилог 2: Листа на набљудувачи

**Претставници на владини институции:**

- **Александар Димитровски** - МЗШВ;
- **Валбона Усеин**- МЗШВ;
- **Ненад Спасовски**- МЗШВ;

**Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):**

- **Љубица Локвенец** – Ревизорско Тело.
- **Светлана Тодоровска**- Ревизорско Тело.

**Претставници на економски и социјални партнери:**

/

Прилог 3: Резултати од спроведувањето на ИПАРД Програмата

| Јавен повик (мерка) | Поднесени | | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел |
| 01/2017 (сите) | 1.648 | 72.329.985 | 900 | 16.099.845 | 866 | 13.034.357 |
| 01/2018 (М3) | 65 | 15.306.651 | 38 | 6.700.036 | 33 | 2.850.423 |
| 02/2018 (М1) | 1.099 | 18.335.969 | 640 | 6.319.986 | 585 | 2.592.112 |
| 01/2019 (М7) | 261 | 43.821.070 | 78 | 6.839.115 | 30 | 845.734 |
| 02/2019 (М3) | 61 | 16.763.738 | 49 | 8.625.515 | 12 | 862.416 |
| 01/2020 (М1) | 748 | 21.012.213 | 358 | 4.313.605 | 111 | 323.389 |
| 01/2021 (М7) | 250 | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 4.382 | 220.059.342 | 2.063 | 48.898.102 | 1.637 | 20.508.431 |